# ХИДРОКОЛ-СП

*Еднокомпонентно висококвалитетно водонепропустно градежно лепило на цементна основа и полимерни додатоци*

## Област на примена:

За лепење на плочки од природен камен, гранит, мермер, како и подни и sидни керамички плочки по принцип "плочка на плочка".

## Својства:

- сива прашкаста смеса;
- одлична атхезија;
- водонпропустлив;
- добра јакост на притисок и свиткување;
- едноставен за приготвување и изведба;
- еластичност;
- еколошки;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Јакост на свиткување по 7 дена: | 6±2 МПа |
| Јакост на притисок по 7 дена: | 15±2 МПа |
| Адхезија за подлога: | 1,5±0,2 МПа |
| Отворено време за работа: | до 3 часа |
| Почеток на врзување: | 8 часа |
| Крај на врзување: | 24 часа |

## Подготовка на подлога:

Хидрокол-СП се нанесува на здрава подлога од бетон, цементен и продолжен малтер или врз керамички плочки. Подлогата треба да биде обезмастена, обеспрашена, чиста и добро натопена со вода. При лепење по принцип "плочка на плочка", постојните керамички плочки треба да се квалитетно залепени за подлогата. Истите треба да бидат чисти, обезмастени и обеспрашени. При глазирани керамички плочки препорачливо е глазурата благо да се "отвори" со слабо "пикување".

## Вградување:

На 1 кг Хидрокол-СП, со постојано мешање се додава 250 - 350 мililитри вода. Се меша до потполна хомогенизација. Потоа мешавината се остава да мирува 20 мин. Повторно се замешува и се вградува со назабена глетарка или шпакла во дебелина на слој од 1-3 мм. Плочките се потопуваат во вода и со втиснување се полагаат во нанесеното лепило. Спојниците се обработуваат со смеса за фугирање Фугофил, најрано 24 часа по лепењето. Оптималната температура при вградување е од 5°C до 35°C.

## Потрошувачка:

3,5 ÷4,0 кг/м$^2$

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употреба.

## Пакување:

Во натрон вреќи од 5 и 25 кг.

## Складирање:

Во оргинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од +5°C до +35°C. Рок на употреба 12 месеци.

<u>Опасност по здравјето:</u>
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување на прашкастата компонента. При инцидентен контакт, на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
<u>Пожар:</u>
Хидрокол-СП е незапалив прашок.
<u>Чистење и депонирање:</u>
Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

**ADING**
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија** *АДИНГ Белград Тел: 381 11 2279 338*
**Бугарија** *АДИНГ-Бугарија Софија Тел: 359 2 9555388*
**Русија** *Вегамаркет плус Москва Тел: 7 495 3716436*
**Казахстан** *ТОО Алфар Алма Ата Тел: 732 72 40 1688*
**Унгарија** *АДИНГ Х Кфт. Будимпешта Тел: 36 29 367 457*
**Грција** *АДИНГ-Хелас Солун Тел: 30 23 10569130*
**Хрватска** *АДИНГ-ХР Сплит Тел: 385 98 9833 020*
**Романија** *КРАЛЕКС Букурешт Тел: 40 21 3509018*
**Украина** *Солис Компани Киев Тел: 380 44 4070963*
**БиХ** *ПРОХЕМА Брчко Тел: 387 49 240400*
**Црна Гора** *Ѓуришиќ и Кум Бар Тел: 382 85 341699*
*Изолими Приштина Тел: 381 38 563280*

ГРАДЕЖНИ ЛЕПИЛА